СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 септември 1993 година

Скопје, септември 1993 година

**СОДЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА ПРВОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 67-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИИТО НА РЕПУБЛИКА МКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 23.IX.1993 г. стр.вкупно 27**


1. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - стр.24,  25
2. ПАНОВСКИ МИХАИЛ -12, 14, 15 , 16
3. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 23
4. ПЕТРОВ ТОДОР - 16, 17, 11
5. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 30, 21
6. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 6, 7, 3, 11, 20
7. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 19
8. ЦРВЕНКОВСКИ СТЕВО - 9
9. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 20


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 септември 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1.со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието. .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да си седнат на своите места. Ја молам Службата да утврди точен број на присутните пратеници во салата.

Во салата има вкупно 61 пратеник и можеме да продолжиме со работа.

Пратениците Симон Наумовски, Петар Горѓиев, Шабан Превала,. Зоран Крстевски, Санде Давчев, Киро Поповски и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. Владата на Република Македонија со писмо ме извести дека од дневниот ред на денешната седница го повлекува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог на закон.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија му предлага на Собранието да го дополни дневниот ред на денешната седница со Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон

заради тоа што приходите што се предвидени во овој закон ќе треба да се опфатат во Републичкиот буџет.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (еден)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Тодор Петров предлага дневниот ред за денешната седница да се дополни со Информација за активностите на Владата за зачленување на Република Македонија во Организацијата на Обединетите Нации и другите меѓународни органи, организации и заедници под нејзиното уставно име и за текот на македонско - грчките преговори е доставен до претседателот на Република Македонија и до Владата на Република Македонија .

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Пратениците Кирил Ковачевски и Душан Трпчевски предлагаат дневниот ред за денешната седница да се дополни со Разгледување на прашањето околу промена на имињата на училиштата, установите и другите називи со позајмени имиња од Република Албанија на територијата на општина Тетово и другите места од Западна Македонија.

Предлогот е доставен до Владата на Република Македонија.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

I/3.-

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог за донесување на закон за продажба на деловни згради и деловни простории во Републиката;

2. Предлог за донесување на закон за угостителската и туристичката дејност; '

3. Предлог за донесување на закон за трговија;

4. Предлог за донесување на закон за експропријација и за ограничување на сопственоста;

5. Предлог за донесување на закон за управата за јавни приходи;

6. Предлог за донесување на закон за мерките за ограничување на слободата на пазарот и претприемаштвото;

7. Предлог за донесување на закон за платен промет;

8. Предлог за донесуваше на закон за забрана на изградба на нуклеарни електрични централи во Република Македонија;

9. Предлог за донесување на закон за безбедноста на транспортот со нафтоводи и гасоводи;

10. Нацрт на закон за данокот од добивка;

11. Нацрт на закон за персоналниот данок од доход;

12. Нацрт на закон за даноците на имот;

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на Охридското, Преспанското•и Дојранското езеро, со Предлог на закон;

I/4.-

14. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за спречување на штетната бучава, со предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за жичарите и ски-лифтовите, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменувањена Законот за станбени односи, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за превозот во патниот сообраќај, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на националните паркови, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на природните реткости, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на воздухот од загадување, со предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за езерската пловидба, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за железнички сообраќај со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за патиштата, со Предлог на закон;.

25. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за системите за врски, за радио сообраќај и поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за станбени задруги, со Предлог на закон;

I/5.-

27. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата на Владата на Република Македонија и Владата на Република; Бугарија за трговска и економска соработка, со Предлог на закон;

28. Предлог за донесување на закон за изменување-на Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон; :

29. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесуваше на закон за стопанисување со станбениот и деловниот фонд со кој располага Републиката, со Предлог на закон;

31. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати, со Предлог на закон;

32. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данок на промет на недвижности и права, со Предлог на закон;

33. Предлог на закон за рибарство;

34. Предлог на завршна сметка на Републичкиот буџет за 1992 година;

35. Предлог на програма за изработка и измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови во Република Македонија во 1993 година;

36. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Штип;

I/6.-

37. Предлог на одлуки за избор на членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работаводни органи;

38. Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во - органи на управување.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед дека претседателот на Собранието не ги почитува основните правила од Деловникот, имено нашата Пратеничка група лично преку претседателот поднесе барање да се гласа за да продолжи 6б-та седница, а тој тоа не го стори, ние како една политичка партија и пратеничка група во интерес на Македонија Ви овозможивме со присуство на десетина пратеници од ВМРО да ја отпочнете 67-та седница.

Оттука, бидејќи се постави прашањето од претседателот за измени и дополнувања на дневниот ред, јас предлагам нова точка на дневен ред и тоа по можност да биде прва тоа е - Носење заклучок од страна на ова Собрание со кој се замрзнуваат сите односи, контакти и конзуларни контакти со Република Албанија поради блокадата што ја врши таа држава за приемот на Република Македонија во ЌЕБС.

За да се овозможи правилно гласање барам пауза од 5 минути за да влезат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да учествуваат во гласањето по оваа точка што ја предлагаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, пет минути пауза.

(Седницата прекина со работа во 12,40 часот, а продолжи во 12,45 часот)

Молам, сега можеме да продолжиме со работа.

Ве информирам дека овде беше даден предлог за дополнување на дневниот ред да се внесе точка и тоа како прва точка на дневен ред - Предлог заклучок за замрзнување на сите односи и врски бо Република Албанија. Образложението беше поради блокадата што таа земја ја врши во ЌЕБС за прием на Република Македонија. р

Сакам само да ви укажам дека Собранието не може да става на дневен ред заклучоци. Тоа донесува заклучоци по повод расправата на некој од другите акти. Може да бидат резолуции, декларации, извештаи, информации и не знам што. Еве погледнавме заклучоци во таков случај се донесуваат, па според тоа не оди да ставаме заклучок на дневен ред, туку треба да биде точката поинаку формулирана. Ова е деловничкиот аспект, а предлагачот треба да се усогласи со Деловникот за да можам неговиот предлог да го дадам на изјаснување на Собрание.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Стои дека навистина Собранието покрај законите носи одлуки, носи декларации, носи резолуции итн., а стои фактот дека разгледува и информации. Оттука, кога предложив заклучок јасно е дека претстои расправа - Информација, а основната информација ја имаме во весникот "Нова Македонија" и во сите средства кои ги објавија дека Албанија е една од учесничките која ја блокира Република Македонија. Тоа е фактички една информација врз основа на која ќе произлезе заклучок за она што ние бараме. СО други зборови, ако треба да биде формата Резолуција за прекинување на односите со Албанија нека биде резолуција, но важно мора да се стави точка на дневен ред а дали ќе ја наречеме информација или како сакаме, резултат од таа информација ќе биде резолуција за она што го предложив, а тоа е да се замрзнат односите со Република Албанија се додека трае блокадата од таа

I/8.-

држава за прием на Република Македонија во ЌЕБС. Тоа е очигледно јасно и со овој предлог се усогласувам со Деловникот на Собранието мислам давам појаснување. и првиот

Понатаму, останува предлог да се гласа односно да се стави на гласање точката односно нашиот предлог за продолжување на 66-та седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, сега сме во расправа по дневниот ред на 67-та седница и имаме предлог од господинот Стефковски. Ве молам, само да се разјасниме предлогот мора да биде даден од предлагачот да ни каже како тој предлог гласи. Заклучок не може да биде предлог за дневен ред, туку треба да каже дали е тоа информација, а не е доволно да ни кажува дека може се да биде, но може да биде само тоа што го предлага, ништо друго. Предлагачот не кажа што предлага.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Бев многу јасен дека од информацијата ќе произлезе одреден документ, а тој ќе биде усогласен со Деловникот. Затоа, ако Собранието носи резолуции, декларации, како парламент ќе донесеме таков документ. Еве да речам резолуција. Стручната служба ќе ми помогне да го формулирам точно предлогот за точката што ја предлагам на дневен ред, тоа значи заради поднесување на комплетен предлог за да нема никакви забуни и да не се буни претседателот на Собранието, барам пауза од 15 минути за да можам писмено да доставам предлог на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Доставете ни го писмено, а сега предлагам пауза од 15 минути.

(Седницата пак прекина во 12,50 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,25 часот).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа

Паузата беше дадена по барање на координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за оформување на нивниот предлог за дополнување на дневниот ред на Шеесет и седмата седница.

Имаме писмено барање кое гласи: "На Шеесет и седмата седницата на Собранието на. дневниот ред да се прифати следната точка. "Информација за причините за неприемот на Република Македонија во ЌЕБС".

Има кратко образложение во врска со тоа. Не се наведува дали за тоа се бара писмена или усмена информација, но вообичаена практика е ваквите барања да се достават до Владата, тие да доста- ват информација за да се стави на дневниот ред. Сме имале прилика и без тоа да имаме информации во дневниот ред.

Претставници на Владата се присутни и ги молам да се произнесат по барањето дали се во состојба да достават информација која би се вклучила во дневниот ред на Шеесет и седмата седница на Собранието.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Нема никаков проблем Владата да достави информација по било кое прашање од нејзината надлежност со нормална процедура и со нормално поставување на дневен ред на седница тогаш кога ќе се добие информација.

Според тоа, предлагам информација кога ќе се побара од Владата и кога ќе се достави до Собранието, тогаш да се постави на дневен ред на таа седница кога ќе биде готова.

II/2.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го слушнавме мислењето на Владата.

Дали некој друг бара збор

Има збор пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Очигледно е дека предлагачот се повикува на членот 99 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, во кој стои:

"Секој делегат, односно сега пратеник, може и на седницата да предложи на дневен ред на таа седница да се стави определено прашање, но е должен да ја образложи итноста на тој предлог".

Во ставот" "3 се" вели: "На седницата најнапред се расправа за итноста". Затоа што предлагачот ставил дека се повикува на член 99 од Деловникот односно бара таа информација да се подготви за оваа седница и во неговото усно обраќање, како што разбрав, јас го поддржувам тоа, тоа да биде прва точка, затоа што образложението од типот нема проблем, Владата за се ќе даде информација, нека биде на дневен ред, такви три, четири или пет информации свесни сме дека воопшто не дојдоа на расправа на овој Парламент од едноставна опструкција односно блокада на овој Парламент од страна на парламентарното мнозинство кое ја сочинува таа Влада. Затоа, барањето е да се стави на оваа седница и да биде како прва точка од дневниот ред и јас тоа го поддржувам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи предлагачот не доставува информација туку бара барање да се изготви од Владата, сметам дека немаме оправданост ниту материјал по кој би расправале на денешната седница.

Со оглед на тоа го ставам на гласање.

За збор се јави господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, во досегашната работа на ова Собрание неколку пати сме имале исто така вакви ситуации каде што не се ни бара мислење едноставно од Владата, туку се вели Владата да даде информација. Тоа значи дека ако за неприемот на Република Македонија во ЌЕБС имаме јасни показатели кои на одреден начин се кажани во весникот, зборува за тоа дека министерот за односи со странство, ако не е подготвен во секое време, ако имаме и готова работа да даде усна информација, бидејќи јас не се повикувам во предлогот ни писмена ни усна, туку велам Владата, а тоа значи министерот треба да е способен во секое време да одговори на барањата на овој Парламент. Едноставно факт е дека Македонија не е примена во ЌЕБС, што значи треба да предложи решение што понатаму. Во тоа е суштината на предлогот. Значи, ние сме имале практика усно министрите што се надлежни да даваат информација во име на Владата. Оттука, не гледам причина зошто би можело да се одлага оваа точка за друга седница. Едноставно министерот ако е кадарен, нека повели нека даде информација, но претходно предлагам навистина да ја ставиме на дневен ред на Шеесет и седмата. седница.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ставот на Владата беше јавно изнесен. Според тоа не избегнува од изготвување на информации, но не е можна на оваа седница да биде прифатена бидејќи не е подготвена. Барањето е доставено до Владата и веројатно ќе добиеме за многу кратко време информација која ќе биде ставена на дневен ред на другата седница.

Го ставам на гласање предлогот на предлагачите.

Кој е за, на оваа седница да биде како точка- на дневниот ред Информацијата за причините за неприемот на Република Македонија во ЌЕБС, молам да крене рака.

Вкупно гласаше 31 пратеник.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Продолжуваме со работа.

Дали има други предлози за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**:

Почитувани пратеници, дами и господа, во текот на вчерашниот ден доставив писмено барање за ставање нова точка на дневен ред, кое гледам до денешниот ден не е дистрибуирано до вас пратеници од за мене непознати причини.

Тоа е барање за ставање на дневен ред Предлог - одлука со која се разрешува генералниот директор на Јавното дифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, господин Тихомир Илиевски.

Моето барање ќе ви образложам сега во кратки црти и се надевам дека од вас пратениците ќе биде прифатено овој Предлог на одлука да биде ставен на дневен ред.

Причини за ова има повеќе. Како прва сметам дека е недоставувањето годишни извештаи до Собранието на Република Македонија за работењето на куќата, за плановите, а на што оваа куќа е обврза на според постојниот закон за радио дифузија, односно член 26 алинеја 12, член 9 став 2 од постојниот закон. Ние како пратеници скоро три години сме избрани, а досега не се случило таков извештај да биде ставен на дневен ред за усвојување на ова Собрание, иако во

претходниот собраниски состав многу добро знаеме дека секоја го- дина се усвојуваа извештаите за работа и плановите за работа во , наредната година.

Втора причина е тоа што изборот на директор на Телевизијата не е во согласност со постојниот закон за радио дифузија, член 30 став 1, од причина што него го избира ова Собрание како: негов основач, а не да си го назначува генералниот директор на куќата како што сака тој.

Една од главните причини поради кои барам да се стави; оваа Предлог - одлука на дневен ред е тоа што тврдам дека постои реална опасност од распад на овој информативен медиум, од причина што над~ 50% од населението во Република Македонија не ја плаќа ТВ претплатата, а тоа е пред се благодарение на уредувачката политика, ценам, на оваа куќа која е исклучиво ставена во одбрана на позициите на една партија, односно на една коалициона власт и конкретно кажано на еден човек од кого сака да се направи култ на личност, претседателот на државата, а видовме како поминаа сите држави во минатото каде што се градеше таков култ на личности.

Понатаму, соодветниот господин кој што е сега генерален директор ја затекна куќата со над 20 милиони марки буџет, а сега оваа куќа чии што основач сме ние, ова Собрание е основач, е доведена до питачки стап и и претстои страшно техничко технолошко заостанување и постои опасност сите новоформирани куќи во овој поглед да ја надминат. Каква држава ќе бидеме ние со ваква државна телевизија, можеме сите само да се замислиме.

Понатаму, следна причина е тоа што од брановите на државната телевизија јавно се повикува на бојкот на постоечките закони во оваа држава, што е казниво со кривичниот закон на оваа држава, Република

Македонија, а притоа никој да не одговара. Конкретно се повикуваше на закон, за бојкот на законите за евиденција во образованието - тоа господата од албанската редакција на МТВ, а притоа на уредникот да не му фали влакно од главата. -

Понатаму, куќата чии што основач е ова Собрание тврдам де- ка работи на рушење на авторитетот на ова Собрание, што во длабока - позадина претставува за мене антидржавно однесување, со што се сака да му се каже на народот - се исмејува изборот на самиот народ, се исмејува, се омаловажува, се дискредитира нејзиниот основач, а тоа сме ние, Собранието на Република Македонија, а се со цел...'

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали може тоа кога ќе расправаме по точката на дневен ред.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ова е образложение на мојот предлог, господине претседавач Јас сакам да ја образложам точката што ја предлагам, за да знаат пратениците за што гласаат.

Тоа се со цел се прави, се исмејува овој Парламент од оваа државна куќа со цел да се остави во една заветрина коалиционата Влада која е одговорна за сите состојби во оваа држава, од причина што во овој Парламент партиципираат сите партии, а во Владата се знае кој партиципира, владеачката коалиција.

Значи, главната причина за овој мој предлог е тоа што опозиционите партии се комплетно исклучени од програмите на државната телевизија и таа е ставена во функција на претвораше во еден инструмент за остварување на политичките опции на една политичка партија, односно една политичка коалиција која што е на власт

и на еден човек, институција, тоа е претседателот на државата. Затоа, се надевам дека мојот предлог за разрешување на првиот човек на, оваа куќа, односно Предлог - одлуката ќе биде ставена на гласање ;и дека ќе ја изгласате.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Зошто не е ставено во дневниот ред барањето на господинот Пановски, доставено на 22 овој месец, кажуваме од следните причини:

Прво, согласно Законот за радиодифузија треба да се при бават претходно мислења од работничкиот совет на куќата, и

Второ, именување и разрешување на одговорни луѓе и функции оди по предлог на Комисијата за избор и именување.

Од тие причини, не е ставен на оваа седница.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сметам дека оваа точка може да биде ставена на дневен ред. Не мора да биде прва, може да биде при крај. Во меѓувреме, доколку цени таканареченото претседателство на Собранието дека треба да се произнесе некоја комисија, тоа ќе може бидејќи оваа седница ќе трае со денови и со недели, од причина што многу добро знаеме како течеа седниците. Од минатата Шеесет и шеста седница не сме усвоиле ниту една точка.

Затоа, предлагам оваа точка да биде ставена на дневен ред, а во меѓувреме додека дојде на дневен ред ќе има време сигурно да се произнесат сите надлежни комисии и работнички совети итн., иако за мене е смешно работничкиот совет на МТВ да се произнесува по ова мое барање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Уште едно објаснување. Барањето е доставено во редовна процедура и тоа ќе тече додека дојде на дневен ред.

Второ прашање е што не може еден пратеник да поднесе барање, согласно член 147 и 148 од Деловникот, за разрешување на луѓе од одговорни функции.

Од тие причини, барањето е ставено во редовна процедура - и ќе се испитува.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господинот претседавач треба да знае дека според Деловникот за работа, член 99", може да се ставаат точки од итен карактер. Заради тоа овде ја образложував итноста и барам мојот предлог, мојот Предлог на одлука да биде ставен на дневен ред, претседавачот да ја стави на гласање на ова Собрание и да не се обидува како неговиот претседател да ги манипулира работите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е предлогот на господинот Пановски да биде ставен на дневен ред на Шеесет и седмата седница, молам да крене рака.

24 пратеници гласаат за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали има други предлози за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За денешната седница предлагам две точки на дневен ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за предучи-

лишно и основно образование и воспитание со Предлог на закон и предлог за донесување на закон за изменување на Законот за насочетото образование, со Предлог на закон, со следното образложение:

Според членот 9 8 став 2 од Деловникот на Собранието на Македонија, во предлогот на дневен ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата му ги доставиле овластените предлагачи. Законот за изменуваше и дополнување на Законот за прекршоци е донесен на седница на Собранието од 9 октомври 1992 година. Меѓутоа, од некои од законите кои не беа усогласени во прекршочните одредби со Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците се и законите за пред- училишно и основно воспитание и образование и Законот за насоченото образование. Имајќи предвид дека масовно не се почитува водењето на педагошката евиденција и документација, во воспитно образовните организации, пред се каде што наставата се изведува на албански јазик, а имајќи предвид и тоа што министерот за образование со свои те посебни дејствија и постапки воведува анархија и беззаконие во образовниот систем во поглед на политиката за прием и почитувањето на конкурсните услови за прием на ученици, сметам дека е недопустливо, имајќи предвид дека на денешниот дневен ред од 3 6 точки имаме барем половина кои се однесуваат на закони за усогласување на, прекршочните одредби, претседателот на Собранието да го толерира непоставувањето на овие два Предлог – закони на дневен ред на Собранието.

III/1.- ДВ/ВБ

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (продолжение)

Можеби тоа е цената на коалицијата, меѓутоа не може да се прифатат политички игри со кои се нарушува еднаквоста во правата и слободите на граѓаните, со кои се кршат позитивните законски прописи и се толерира непочитување на истите. Ова го кажувам од причини што предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за предучилишно и основно образование и воспитание со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за насоченото образование со Предлогот на закон, доставени се во редовна собраниска процедура на 23 март оваа година..

Иако претседателот во своето вчерашно излагање укажа дека секогаш пратениците се известуваат за причините заради кои не се ставаат одделни законски проекти или предмети на дневен ред на седниците, сметам дека во овој случај не е почитува Деловникот и законите без никакви причини веќе од 23 март без никакво образложение не се поставуваат на дневен ред. .

Имајќи го предвид претходно кажаното барам образложение од потпретседателот, доколку му е познато и заради кои игри не се поставуваат овие два закони на дневен ред и истите да бидат поставени по службена должност врз основа на член 98, став 2 во дневниот ред на оваа седница.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ние имаме тука два начина на постапување: да го ставиме на изјаснување или да се бара образложение.

Основното образложение што не се ставени овие закони на дневен ред на оваа седница е бидејќи седницата е посветена исклучиво на економски и стопански прашања. Нема ниеден предлог на закон од општествени дејности.

Таков предлог имаше и Владата и за предучилишното и основното образование и за средното образование, но бидејќи во Владата се подготвува нов закон затоа досега и не е поставен на дневен ред.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене,е неприфатливо образложението на потпретседателот на Собранието од причина што од половина од точките на предложениот дневен ред се закони со кои се усогласуваат прекршочните одредби на законите кои се предложени за дневен ред. Имајќи предвид дека овие закони се дадени во постапка на 23 март, не гледам никаква причина истите да бидат поставени на дневен ред на оваа седница. Владата има доставено предлог за донесување на закон за изменување на Законот за насоченото образование со предлог на закон и Предлог за донесување закон за изменување на Законот за предучилишно и основно образование и воспитание со Предлог на закон, меѓутоа овие закони од Владата се доставени дури на 13 мај. Благодарение на законите што ги предложи пратеникто Петров, Владата се сети дека треба да ги усогласи прекршочните одредби на овие два закони во сферата на образовниот систем за да после два месеци од официјално првиот даден предлог бидат предложени на дневен ред. Во правото тој што е прв тој е постар во постапката и затоа сметам дека Собранието, независно што Владата донела предлози за дополнување и изменување на овие два закони од сферата на образовниот систем или мисли да предложи некои закони со кои целосно ќе биде обработена материјата на образованието и воспитание, дека овие два закони по основ на член 98, став 2 по службена должност мора да бидат ставени на дневен ред. Тоа што работните тела не ги разгледале досега, тоа е нивни минус. Меѓутоа, Собранието е должно да ги разгледа и по нив да постапи согласно Деловникот.

III/3.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Добро одиме натаму.

Ова последното беше можеби и дел од одговорот зошто не се ставени на дневен ред овие закони.

Го ставам на гласање предлогот? |

Молам кој е за на дневен ред за оваа седница да се стават и законит за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно образование со Предлог на закон и Законот за насочено образование со Предлог на закон.

Молам кој е за нека крене рака. (30 пратеници гласаа за) Констатирам дека предлозите не се усвоени.

Дади некој друг 6ара збор.

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, од страна на пратеникот Стефковски имаше предлог да се гласа за распоред на работа на ова Собрание односно на оваа седница, така што 66-та седница да се внесе во дневен ред и да биде прва. Не се стави на гласање. Го повторувам пак изгласа и јас тоа да се стави на гласање и да се изгласа. Ако тоа не се прифати ние повеќе не сакаме да бидеме манипулирани и нема да учествуваме во работа на ова Собрание.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

И вчера беше објаснето широко и образложено дека седниците ги закажува претседателот на Собранието и тој дава предлог на дневен ред и ние заеднички го утврдуваме, така како што и денеска постапивме. Според тоа ние имаме предлог на дневен ред и работиме по тоа.

Има збор господинот Томислав Стевковски.

III/4.-

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние вчера по паузата оствaривме една средба на која ние ја искажавме нашата спремност за начинот, како да се надмине оваа состојба во Парламентот поради не прифаќањето на предлозите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Понудивме некој компромис што не беше прифатен и нашето присуство што е во салата е резултат на она што ние го понудивме на вчерашната средба со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи. Целта беше да одиме напред. Некој не сака да оди напред па си дозволи, сега ќе бидам малку отворен, си дозволи во преносот од седницата, во директниот пренос искаже спремност, мислам тоа беше господинот Петковски да ја потвори истата грешка која што ја направи господинот Алил Џаферовски кој рече од при- лика, ние имаме 61 пратеник и ќе работиме без пратеничката група без опозицијата. Јас мислам дека тоа беше една избрзана изјава на господинот Петковски, па во таа смисла повелете, работете со 61 пратеник и утврдете го дневниот ред од 67-та седница.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прво не кажав така како што кажа сега господинот Стефковски. јас и сега велам, било која пратеничка група па вклучително и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, доколку сака било каков закон и одлука да се донесе според мерка на таа пратеничка група треба да има 61 глас. Тоа важи и за нашата пратеничка група и за сите други.

Тоа што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ игра мижитатара овде, има 61 пратеник, нема 61, за тоа тие се одговорни пред сопствените бирачи. Ставот на поединец пратеник и на пратеничка група во овој парламент единствено може да се изрази преку ј гласање, а не со опструкција, со бегање од овој Парламент.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јасно е дека нашето влегување во Собранието е спремност за конструктивно работење во ова Собрание (негодување на пратениците од левиот блок) ќе ве чекам имам време господине Ханџиски, ќе ве почекам да престанете и ќе кажам што мислам. Малку да се почитуваме меѓусебно, би требало.

Затоа велам, бевме спремни конструктивно да соработуваме (пак има негодување од страна на левиот блок). Уште два пати ќе го повторам ако треба. Тоа е вашата култура,вашиот однос, нека ви служи на час. Меѓутоа, очигледно дека во овој Парламент пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ треба да служи за декор, пред светот да се каже ние имаме позиција и опозиција. Видете, ја знам дека ве боли господине Бојковски, Знам дека ве боли. Еве зошто ве боли. Затоа што вчера македонската телевизија дозволи 10 минути во директен пренос господинот Тито Петковски да одговара Има во демократијата едно правило. Правило е тоа, ќе ги слушне сите страни односно во конкретниов случај барем двете страни да ги слушнеше Македонската телевизија а не да им сервира на граѓаните само една вистина. Има повеќе вистини нели.-Секој си ја кажува својата вистина. Затоа велам, повелете и вчера беше кажано дека во секое време вие имате 76 пратеници. Меѓутоа очигледно дека не сакате да соработувате со нас, конструктивно да соработувате туку вршите една мајоризација затоа што коалицијата ви е составена и од една партија која е малцинство во ова

III/6.-

Собрание и во оваа македонска држава меѓутоа очигледно поради нејзините уцени и закани вие сакате да владете во оваа држава на штета на македонскиот народ. Повелете, владајте меѓутоа без наше учество. Зошто? Затоа што ни една точка денес што предложивме не ни прифативте. Тоа е вистината. Зошто не ни прифаќате? Што се причините? Поставивме прашање за информацијата за неприемот на Република Македонија во ЌЕБС. Зошто? Па како може министерот за односи со странство во секое време да не одговори, причините се тие и тие. И ние ги знаеме причините. Тоа е Албанија, Грција, Кипар. Зошто господа вие не сакате да расправате за тоа.

(Негодување во салата). Знам господине Бојковски дека ве боли, па вие живеете во еден крај кој беше чист 1944 година, Куманово. Сега имате 48% Албанци, од такви како вас, сигурно. Ете во тоа е работата господо, дали сакате конструктивна соработка или не сакате. Ако сакате да владеете како позиција владејте. Меѓутоа, исто и ние имаме исто право да предлагаме во ова Собрание, ништо не ни прифаќате. Се чувствуваме да ви кажам на еден начин дека сме излажани. Еве ви кажувам дека така се чувствуваме затоа што велите ние коснтруктивно ќе соработуваме за доброто на оваа држава, ќе носиме закони. 66-та седница исто така има закони. Меѓутоа вие не сакате упорно, ниту информации, ниту закони. Па од информациите произлегуваат законите, односите во оваа држава, во оваа македонска држава пред се. Тоа е тоа. Ако сакате конструктивно да соработувате повелете ќе соработуваме. Меѓутоа вака,да не надгласувате можете. Меѓутоа повелете сега соберете 61 пратеник имате 76 а 61 пратеник не може да соберете. Па да ги броиме пратеничките групи колку има присутни пратеници од Либералната партија, на прсти може да се избројат.

III/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ-:**

Добро, добро.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Или од вашата партија, од ПДП-НДП. Тоа на прсти може да се изброи. Значи вие правите опструкција а сакате да ја префрлите вината на ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ е партија која единствено, ќе ви кажам, мисли за оваа македонска држава

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, тоа не се политички ставови и политички партии.

Има збор господинот Тито Петковски.

(пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ја напуштаат салата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ :**

Навистина ми. е непријатно да се јавувам за вакви тревијални работи меѓутоа бев прозван од двајца пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и морам да кажам дека ова беше страшна манипулација со јавноста и со пратениците.

Јас на прашањето дали., доколку напушти ВМРО-ДПМНЕ салата ќе продолжи со работа Собранието. Јас реков потврдно бидејќи по Деловникот не е никаде речено од која пратеничка група колку треба да бидат присутни пратеници за да работи Собранието. Собранието може да работи со минимум 61 пратеник. Тоа е мојата изјава. Јас не реков дека ние со задоволство ќе работиме со 61 пратеник затоа што ВМРО-ДПМНЕ излегува. Напротив мислам дека не е добро за демократијата на Македонија да се опструира Собранието заради тесно партиски интереси. А зошто ВМРО-ДПМНЕ односно нивната пратеничка група бара да се продолжи со 66-та седница, меѓутоа оној вториот дел што не е битен, а не со изборните закони тоа нека судат и тие и јавноста.

Според тоа некоја коректност, консензус да се заврши 66-та седница, ајде да почнеме од почетокот и да ја завршиме, па тогаш можеме да разговараме и за нивна доследност.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дискутирајте само за дневниот ред.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

За дневниот ред не би можел да дискутирам бидејќи и така нема кворум. (Негодување во салата)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ние утврдуваме дневен ред .

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

И претходниот дискутант ништо не кажа околу дневниот ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Затоа имаше реплика, бидејќи беше прозван.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Тито Петковски апсолутно ништо не кажа, само реплицираше на двајца. Јас барам да ми реплицира и на мене. И на пратеникот Коле Луловски да му реплицира.

III/9.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, ние утврдуваме дневен ред на седница на Собрание. Затоа расправаме по дневниот ред.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Прво и прво досега никој не дискутираше по дневниот ред. Имам право и јас да дискутирам, ако нема веќе доволно пратеници во салата.

Бидејќи и јас бев еден од тие дискутанти кои вчера инсистираше да се носат законите >и го предупредив господинот Тито Петковски доколку он биде присутен туак и јас ќе бидам присутен и ќе гласам за законите. Но, што се случи. Точно на тоа предупредување од мене кон господинот Тито Петковски, тој си даде право да го злоупотреби таканаречениот ТВ медиум. На моето инсистирање, доколку сака да се прекине ТВ преносот, може да го направи тоа само со кревање на рака на мнозинството пратеници и тој нека повели да го приватизира ТВ медиумот, така -како што го направи вчера. Но жалосно е тие претставници што доаѓаат од другите држави не го предупредија господинот Тито Петковски како се практикува во другите Парламенти, кога една седница не е завршена со предвидените точки на дневниот ред. Можам јас да ве информирам. Во сите земји во светот каде што со една седница се манипулира, можам да го искористам и тој збор, фактички ако постои и некоја земја една седница која што не е завршена, во тој случај Владата си дава оставка. Тоа требаше да го праша господинот Тито Петковски секој гостин на разговорите на кој присуствува самиот тој. А ние немаме шанса како обични пратеници да учествуваме на разговорите што ги води господинот Тито Петковски, бидејќи тие разговори си ги води сам. (Инсистирање на некој пратеник од салата да даде конкретен предлог).

Точно тоа го предлагам, ако ме сфаќате. Седницата не е довршена 51-ва, 66-та. До 66. Ве молам заклучокот сами донесете си го.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пред да продолжиме со седницата, молам за точен број на пратеници во салата.

Ве молам направете обид да се повикаат пратениците кои не се во собраниската сала.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пред да продолжиме со работа молам да се утврди точен број на присутни пратеници.

Да се направи обид да се повикаат пратениците што не се во салата.

Молам, да се повикаат сите пратеници кои ја напуштиле салата или се наоѓаат во пратеничките кабинети.

Молам за информација дали има пратеници во пратеничките кабинети или нема.

Во 14,15 часот ќе утврдам точен број на присутни пратеници за да можеме да видиме дали ќе продолжиме со работа. Ве молам не ја напуштајте салата.

Во меѓувреме да се провери дали има некој евентуално во пратеничките кабинети.

(Пауза до 14,15 часот).

(По паузата)

Молам пратениците да седнат на своите места а .службите да ги повикаат пратениците надвор од собраниската сала. Молам, секој да седне на своето место. Молам службите да утврдат точен број на пратеници. Известен сум дека во салата има 52 присутни пратеници. Очигледно дека нема кворум за продолжување со работа. Ја прекинувам седницата поради немање кворум а за нејзиното продолжување ќе биде дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 14,20 часот).